ФЗОМ

ОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
УРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131362679 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

12-
-1. 06. 2016

**Од : Фонд за здравствено осигурување на Македонија**

**До: Лекарска Комора на Македонија**

**До: Здружение на приватни лекари на РМ**

**Копија до: Фонд за здравствено осигурување**

**Подрачна служба-----------------**

**За Лекарски комисии**

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Со извршени контроли во работењето на здравствените установи во делот на начинот на издавање на ИСР образецот и ПСР образецот за привремена спреченост за работа, Фондот констатира дека одредени избрани лекари не работат според Законот за здравствено осигурување и подзаконските акти , поради тоа Ви укажуваме за следното:

Согласно Законот за здравствено осигурување, осигурениците може да користат привремена спреченост за работа во случај на: болест и повреда надвор од работа; повреда на работа и професионална болест; лекување и медицинско испитување; доброволно давање на крв, ткиво или орган; изолираност заради спречување на зараза; спреченост за работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

Исто така осигурениците може да користат привремена спреченост за работа и во случај на: негување на болно дете до тригодишна возраст; негување на болен член на потесно семејство над тригодишна возраст, но најмногу до 30 дена; неопходно придружување на болно лице упатено на

[1] 12-8235/1 [2016]

преглед или лекување надвор од местото на живеење; неопходно придржување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена.

Привремената спреченост за работа по основ негување на болно дете до тригодишна возраст и неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена, можат да користат осигурениците родители на детето.

Привремената спреченост за работа по основ нега на болен член на потесно семејство над тригодишна возраст, но најмногу до 30 дена, осигуреникот може да користи за брачниот другар, за деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца, и децата земени на издржување.

При тоа за нега на дете до 14 годишна возраст, ИСР образецот, односно ПСР образецот го издава избраниот лекар на детето . Додека за нега на член од потесното семејство над 14 годишна возраст ИСР образецот, односно ПСР образецот го издава избраниот лекар на осигуреникот кој го користи боледувањето, со шифра на дијагноза Z74- проблеми поврзани со зависност од лице што пружа нега.

Привремената спреченост за работа по основ неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото на живеење во земјата и во странство, за време додека трае лекувањето, осигуреникот може да користи за брачниот другар, за децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување. Во таков случај ИСР образецот, односно ПСР образецот го издава избраниот лекар на осигуреникот кој користи боледување како придружник со шифра на дијагноза Z 76.3- здраво лице кое придружува болно лице.

Потребна документација врз основа на која се отвара или продолжува привремена спреченост за работа на осигуреник – придружник:

1.Во случај на лекување во странство на товар на средствата на Фондот, за отварање на привремената спреченост за работа придружникот до избраниот лекар треба да достави како доказ решение за лекување во странство за болниот член на семејството.
За продолжување на привремената спреченост за работа, осигуреникот-придружник до избраниот лекар треба да достави како доказ медицински документ од странската болница дека лекувањето продолжува. Времетраење на привремената спреченост за работа на придржникот се одредедува согласно решение за лекување во странство издадено од Фондот.

2.Во случај на лекување во странство на болниот член на потесното семејство со сопствени средства, за отварање на привремената спреченост за работа, придружникот до избраниот лекар треба да достави како доказ медицинска документација од здравствена установа во Р.Македонија, при што во истата треба да биде назначена потребата за придружник.

За продолжување на привремената спреченост за работа, осигуреникот-придружник до избраниот лекар треба да достави како доказ медицински документ дека лекувањето

продолжува со назначена потреба за придружник од странската болница. Времетраење на привремената спреченост за работа на придржникот се одредедува согласно Критериуми за дијагностички постапки и оцена за привремена спреченост за работа.

Директор

Д-р Сашо Стефаноски

Директор

Орхан Рамадани
Orhan Ramadani

Изготвил: Јасмин Смилевска
Д-р Лила Коџоман
Д-р Ана Петрова
Согласен: Даниела Јовческа Ѓуровска
М-р Зоран Крајоски